**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-1268/50
Датум: 16.6.2016 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, членот 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје и став 4 од член 50 од Правилата за студирање на ФЕИТ, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.6.2016 година донесе

# О Д Л У К А

промена на студиска програма во учебната 2016/2017 год.

**I.** На студентите запишани заклучно со учебната **2015/2016** година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им се дозволува промена на студиска програма без надоместок и тоа:

1. Само на студиските програми на кои не е пополнет бројот на студентите во државна квота.
2. Со меѓусебна размена на студенти од различни студиски програми (и еднаков статус на студент во државна или во квота со кофинансирање). Ваквиот начин на промена на студиски програми важи само за студентите кои ги имаат положено сите предмети од претходната година.
3. Ако ги положиле сите испити од прва година со просечна оценка 9,50 и ги освоиле сите кредити што ги запишале.

**II.** На студентите запишани на Факултетот заклучно со учебната 2015/2016 година на кои им е одобрено да преминат на други студиски програми се запишуваат со: партиципација само на оние студиски програми каде имало слободни места по конкурсот во учебната 2015/2016 година, или со кофинансирање на студиските програми каде бил пополнет бројот во државна квота за што е потребно да дадат изјава дека се согласуваат да ја променат студиската програма со кофинансирање на трошоците за студирање до завршување на студиите.

Бројот на студентите од став еден на точка **II** е до 15% од бројот на студентите запишани на соодветната студиска програма во прва година според конкурсот во учебната 2015/2016 година.

**III.** Молбите за префрлање, студентите треба да ги поднесуваат во периодот од 1 до 9.9.2016 година преку архивата на Факултетот. По завршување на рокот за предавање на молбите, се изготвува единствена ранг листа на поднесени и одобрени барања, која во рок од пет дена јавно ќе биде објавена.

**IV.** Одлуката да се достави до: ННС, продеканот за настава, веб страницата на ФЕИТ, огласна табла, Службата за студентски прашања, секретарот, општата служба и архивата на Факултетот.

Д е к а н
Проф. д-р Миле Станковски